Приватна научна установа БАС
Институт за менаџмент
БР 02-17/8
22.08 2017 ГОД
Битола

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак: 0201
Рок на чување: трајно
22.08. 2017 година
Потпис,

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО -НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ТАЛЕНТ МЕНАЏМЕНТ НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент Битола, објавен во весниците Нова Накедонија и Лајм од 14.06.2017 година, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за група предмети од полето Образование за наставно-научната област (дисциплина) 50525 Друго – Талент менаџмент и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-20/6, донесена на 03.07.2017 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љупчо Кевереcки, професор на Педагошки факултет - Битола, д-р Деан Илиев, професор на Педагошки факултет и д-р Марија Котевска Димовска, доцент на БАС Институт за менаџмент Битола.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од полето Образование за наставно-научната област (дисциплина) 50525 Друго – Талент менаџмент, во предвидениот рок се пријавила д-р Весна Стојановска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Весна Стојановска е родена на 04.06.1987, во Битола. Средно образование завршила во гимназијата Јосип Броз- Тито, Битола во 2005 година. Со високо образование се стекнала на Педагошкиот факултет во Битола, на 24.06.2009 година.

Кандидатката активно се служи со англиски и германски јазик.

Во 2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Емоционалната интелигенција – значајна карактеристика на училишните водачи.*

Дисертацијата на тема: *Односот на индивидуалните и срединските фактори врз развојот на иновативната култура кај учениците од основното образование* ја одбранила на 23.03.2016 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Љупчо Кевереcки (ментор), проф. д-р Валентина Гулевска, проф. д-р Добри Петровски, проф. д-р Татјана Атанасоска, проф. д-р Цветко Смилевски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки.

Во 2015 година е избрана во звањето предавач на Високо Стручната Школа, Бизнис Академија Смилевски - Скопје во областа Претприемаштво. Во моментот е предавач на истата школа. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност по предметите Претприемаштво, Иновации и интрапретприемаштво и Социјално претприемаштво, кандидатот д-р Весна Стојановска изведува настава и вежби (настава, вежби, теренска настава, итн.) на прв циклус студии на студиската програма Оперативен менаџмент и втор циклус на студии по Стратегиски менаџмент.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд.

Кандидатот е автор на интерна скрипта по предавања со наслов Иновации и интрапретприемаштво.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Весна Стојановска има објавено вкупно 14 научни трудови од соодветната област, од кои еден научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), 3 трудови, во меѓународни научни списанија, 2 трудови во меѓународни научни публикации и 8 трудови во зборници од научни собири.

Д-р Весна Стојановска била учесник во меѓународен проект организиран од Педагошкиот факултет во Љубљана и од Фондацијата Отворено општество Македонија и се стекнала со вкупно 31 кредит. Д-р Весна Стојановска била учесник и во националниот проект Интеркултурно образование организиран од Фондација Отворено општество Македонија.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот д-р Весна Стојановска остварила експертски активности во обуката *Откривање и работа со надарените и талентираните ученици*, односно е еден од реализаторите на истата организирани од страна на Македонската Асоцијација за надарени и талентирани МАНТ, а се реализираат со согласност од Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Кандидатката д-р Весна Стојановска, исто така, вршела експертски активности, адаптација и доработка на материјали и реализација на обуката *Партиципативност во училиштата*, во рамките на концептот Општина по мерка на граѓаните, реализиран од Фондација Отворено општество Македонија ФООМ.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на Педагошкиот факултет во Лерин, на Универзитетот на Југозападна Македонија, Република Грција од 01.03.2016 – 10.03. 2016 и реализирала предавање пред студенти од втор циклус на студии со наслов: *Како ставовите на наставниците влијаат врз развој на креативното мислење на учениците.*

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Член е на Македонската Асоцијација за надарени и талентирани МАНТ.

Кандидатката се стекнала со признание за најдобро дипломиран студент во Генерацијата 2008/09 година на Универзитетот св.Климент Охридски Битола.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Весна Стојановска, на 2015/16 и 2016/17 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Високо стручната школа Бизнис Академија Смилевски Скопје.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната, како и дејноста од поширок интерес на д-р Весна Стојановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Весна Стојановска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола и ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно - научното звање Доцент – Научен соработник во наставно - научната област (дисциплина) Талент менаџмент.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на БАС Институт за менаџмент Битола, д-р Весна Стојановска да биде избрана во наставно – научно звање Доцент – Научен соработник во наставно - научната област (дисциплина) Талент менаџмент.

Битола, 21 август, 2017

Република Македонија Приватна научна установа Институт за менаџмент БАС Битола

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **д-р Љупчо Кеверески, редовен професор**

-----------------------------------------------------

2. **д-р Деан Илиев, редовен професор**

-----------------------------------------------------

3. **д-р Марија Котевска Димовска, доцент**

-----------------------------------------------------